МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБУВКИ

II ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

техничар за обувки

Скопје, 2006 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ
1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕХНОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА ОБУВКИ

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: техничар за обувки
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Стручно образование: предмет карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Втора година

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен предмет

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

По совладувањето на наставната програма по предметот ***технологија на изработка на обувки*** ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ја познава улогата, функцијата и составните делови на обувките;
- да ги поврзува димензиите со нумерациите на обувките;
- да ја познава трговската класификација на обувките;
- да ги разликува материјалите за изработка на горните делови на обувките;
- да ги објаснува постапките на сечење и обработка на горните делови од обувките;
- да го објаснува составувањето на горните делови за разни видови обувки;
- да ги класифицира иглите според намената;
- да развива смисла за креативност;
- да развива вештини за тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на зацртаните цели по наставната програма по предметот ***технологија на изработка на обувки*** потребни се претходни знаења од наставните предмети техничко цртање и машински елементи, текстилно-кожарски суровини од I година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на час.	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корела-ција меѓу тематските целини и меѓу предметите
ЗНАЧЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ОБУВКИТЕ	**8**	***Ученикот:*** - да ја разликува намената и составот на обувките; - да ги препознава елементарните составни делови на обувките; - да ја разликува улогата на одделни составни делови; - да ги поврзува димензиите и нумерациите на обувките; - да ја познава трговската класификација на обувките.	- Презентирање на примероци од обувки за различни намени; - објаснување на улогата на секој дел од обувките; - укажување на различните нумерации и димензии на обувките; - објаснување на трговската класификација на обувките.	
МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОВУВКИТЕ	**8**	- Да ги класифицира кожите според видот и намената; - да ги објаснува општите карактеристики и карактеристиките на кожите за изработка на горните делови на обувките;	- Презентирање на примероци од разни видови кожи за изработка на горните делови на обувките; - споредување на општите карактеристики на кожите	Техноло-гија на кожата и помошните материјали за обувки

		- да ги разликува поставните кожи од кожите за изработка на горните делови на обувките; - да ги познава карактеристиките на вештачките материјали за изработка на горните делови на обувките; - да ги разликува текстилните материјали и супститути за изработка на горните делови на обувките.	со карактеристиките на кожите за изработка на горните делови на обувките; - објаснување на карактеристиките на вештачките материјали за изработка на горните делови на обувките; - презентирање на примероци од горните делови од обувките од природна и вештачка кожа; - презентирање на примероци на горни делови на обувките изработени од текстилни материјали и супститути; - дискусија за изборот на материјалот за изработка на горните делови од обувките и нивната намена.	
СЕЧЕЊЕ НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ НА ОБУВКИТЕ	**12**	- Да го објаснува сечењето на горните делови на обувките; - да ги разликува методите на вклопување на горните делови на обувките; - да ги познава карактеристи-	- Објаснување на постапката сечење на горните делови на обувките и методите на вклопување; - презентирање на примероц од кожи за лице;	Практична настава

		ките на кожите за лице; - да ги класифицира средствата за сечење на горните делови од обувките според видот на материјалот; - да го објаснува значењето на правилното поставување на ножевите при сечење; - да разликува рачно од машинско сечење на делови од кожи.	- истакнување на карактеристиките на кожите за лице; - класификација на средства-та за сечење на горните делови на обувките; - објаснување на постапките на рачно и машинско сечење (кожа –природна и вештачка, текстилен материјал).	
ОБРАБОТКА НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ	**14**	- Да ги објаснува операциите при обработка на горните делови на обувките: обележување на сечените делови, површинска обработка-цепење, ивично тенчење, површинско зајакнување и валкање; - да разликува рачно од машинско подвиткување; - да ги познава разликите при украсно обликување на ивиците (подвиткување, паспулирање и согорување на ивици); - да ги објаснува начините за украсување на горниште.	- Презентирање на разни видови обработки на горни делови на обувки; - презентирање на примероци од горни делови обработени со рачно и машинско подвиткување; - презентирање на примероци од горни делови со украсно обликувани ивици; - посета на одделение за сечење на горни делови на обувки во производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки.	Практична настава

ВИДОВИ ИГЛИ И ШТЕПОВИ	**10**	- Да разликува состави од составци; - да ги класифицира иглите (според видот и намената); - да ги разликува видовите наштепови (обичен, цик-цак и др.); - да го објаснува значењето на односот помеѓу дебелината на иглата и конецот; - да ги разликува начините на составување со налепување и нашивање.	- Презентирање на примероци од игли за различна намена; - покажување на различни штепови на кожа и текстил; - демонстрирање составување со налепување и нашивање.	Практична настава
СОСТАВУВАЊЕ НА ГОРНИТЕ ДЕЛОВИ ВО ЕДНА ЦЕЛИНА	**20**	- Да го разликува составувањето на заден и преден надворешен потсклоп; - да го разликува составувањето на надвореш-ните делови кај: салонки ,,дерби”, ,,паризер” тип на горниште; - да го објаснува составувањето на поставните делови кај ниски и високи обувки и чизми; - да ги објаснува начините на составувањето на надворешните и	- Презентирање на примероци од составени горни надворешни и внатрешни делови кај разни видови на обувки; - објаснување на начините на составување надворешните и внатрешните делови на обувки кај разни видови обувки; - објаснување на потребата од дополнителните и посебните операции при изработка на горниште; - посета на одделение за	Практична настава

		внатрешните делови на обувките (лице и постава) со налепување и напивање; - да ги разликува начините на составување на надворешните и внатрешните делови кај: салонка, ,,дерби” и ,,паризер” горниште; - да ги објаснува дополнителите операции кај готово горниште; - да ги познава дополнителните и посебните операции при изработката на горниште; - да го објаснува начинот на изработка на горниште од супститути.	шиење (шивална) од производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по предметот ***технологија на изработка на обувки*** наставникот применува современи наставни методи (стратегии) кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата. Овие наставни методи подразбираат примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи, во парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во слушање, дискутирање, цртање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***технологија на изработка на обувки*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана или кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, посета на производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***технологија на изработка на обувки*** се применуваат наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутери, визуелни уреди, CD и DVD дискови со снимени содржини од технолошкиот процес на изработка на обувки, шеми, слики, каталози, стручни и модни списанија за обувки и друго.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***технологија на изработка на обувки*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кој се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***технологија на изработка на обувки*** ја реализираат кадри со завршени студии по чевларство и со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор

Наставата по наставниот предмет ***технологија на изработка на обувки*** се реализира во специјализирана или кабинет-училница опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки од текстилно-кожарската струка и во производни капацитети на трговски друштва за производство на обувки.
.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2006 година

7.2. Состав на работната група:
1. Ратка Јаневска, раководител, советник во Бирото за развој на образованиетоСкопје
2. Снежана Трајановиќ, член, наставник во ДСУ ,,Перо Наков”–Куманово
3. Бобан Спасовски, дипл. инж. по чевларство, член, директор во дооел ,,Тритон”-Куманово,

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01 09 2006 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***технологија на изработка на обувки*** ја донесе министерот за образование и наука

со решение бр. 07 - 3851/21 од 29. 06. 2006 година.